Факултет за информатички и комуникациски технологии - Битола
Примено 22-10-2021
Организациона единица 08 | Број 413 | Прилог 5 | Вредност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Кеј Димитар Влахов 4, II спрат
Центар, Скопје
Тел. 02/3220509

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË

Dimitar Vlahov 4, kati II
Qendër, Shkup
Tel. 02/3220509

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"-БИТОЛА
Примено 22.10.2021
Организациона единица | Број | Прилог | Вредност
08-1046/5

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-788/4
20.09. 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 145 став (6) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.154/19), директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство" на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство" на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

**Образложение**

По добивање на Решение за акредитација бр.08-135/6 од 19.08.2021 година од страна на Одборот за акредитација на високото образование, Универзитет „Гоце Делчев" во Штип се обрати со барање бр.08-867/2-1 од 26.08.2021 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, под наш бр. 08-788/1 од 01.09.2021 година, за утврдување на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство" на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр.08-788/2 од 09.09.2021 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата, на ден 13.09.2021 година, изврши увид и изготви Извештај бр.08-788/3 од 16.09.2021 година, каде е наведено дека, за студиската од втор циклус академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) по „Информатички науки и комуникациско инженерство, модул Пресметковно инженерство" на Факултет за информациски и комуникациски технологии при Универзитет „Св.Климент Охридски" - Битола, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Северна Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**ДИРЕКТОР/ DREJTOR**
**Dr. Agim Rushiti**

Доставено до:
- Високообразовната установа
- Архива

изработил: Милена Ефремовска
одобрил: Севгил Муртези